Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 55-тата седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1867/1 од 04.05.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот.

Предметот со број 12-1867 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1867/1 од 04.05.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изнесува наводи со кои побива одлука на јавна здравствена установа /// за отказ на неговиот договор за вработување без отказен рок поради кршење на работниот ред и дисциплина и на работните обврски. Од ДКСК бара да ја преиспита вака донесената одлука согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се докази.

По разгледување на пријавата и доставените докази, ДКСК утврди дека наводите во предметниот случај се однесуваат на работен спор кој настанал по повод престанок на вработувањето на подносителот во погоре споменатата установа. Согласно со чл. 193 ст. 1 од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 43/12 ... 37/16): *"Против решението за изрекување на дисциплинска мерка и времено отстранување здравствениот работник, односно здравствениот соработник има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку здравствената установа до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен."*. Видно од доставените докази, упатство за вакво правно средство е дадено и во погоре цитираната одлука на установата. Оттаму, ДКСК оцени дека друг орган е надлежен да постапува по наводите во пријавата на подносителот, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК нема законска надлежност да постапува во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н. Б.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk